БИМ а.д. Свети Николе, Ул.Железничка 164, 2220 Свети Николе
Тел. ++38932 455 377; Факс: ++38932 455 478
Претставништво Скопје ++38902 3213 421
mail:komercija@bim.com.mk; www.bim.com.mk

Т Е Х Н И Ч К И Л И С Т Број: 1203

# ФУГОБИТ Б

## ПОЛИМЕР БИТУМЕНСКА МАСА ЗА БЕТОНСКИ ФУГИ

**ОПИС:** Хомогена смеса од полимер модифициран битумен (SBS) и минерален полнител.
**СВОЈСТВА:** **ФУГОБИТ Б** ги задоволува барањата на МКС У.М3.244 и МКС У.М3.095.

| КАРАКТЕРИСТИКИ | МКС МЕТОДА | ЕДИНИЦА МЕРКА | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|---|
| **Надворешен изглед** | / | / | **еднокомпонентна маса во цврста состојба** |
| **Содржина на полимер битумен** | **У.М8.085** | **%** | **≥ 70** |
| **Содржина на полнител** | **Б.Х8.622** | **%** | **≤ 30** |
| **Точка на омекнување по ПК** | **Б.Х8.613** | **°C** | **≥ + 110** |
| **Постојаност на висока температура: + 80 °C; 5 часа;** | **У.М8.085** | **°C** | **постојан на + 80 °C за време од 5 часа** |
| **Постојаност на ниска температура:** | **У.М8.085** | **°C** | **постојан на - 15 °C** |
| **Таложење во загреана состојба на 180 °C** | **У.М8.085** | **%** | **≤ 5** |
| **Водонепропустливост: 50 кРа; 8 часа** | **У.М8.085** | **кРа** | **водонепропустлив** |

**ПРИМЕНА:** **ФУГОБИТ Б** се употребува за залевање фуги на бетонски спојки по топла постапка.
**ВГРАДУВАЊЕ:** Фугобит Б се произведува во калапи 20–30 кг. Пред да се употреби масата по потреба се сече на ситни парчиња и се топи. За време на загревањето масата треба да се меша за да се избегне локално прегревање на масата или седиментирање на минералните честички. Температурата на масата несмее да надмине 210 ºC. Оптимална работна температура е 190 - 200ºC. Ако температурата е < 185 ºC се намалува лепливоста, а превисока температура може да го уништи еластомерот или да настане коксирање. На влажна подлога, односно магловито време, масата несмее да се употреби поради создавање кондензација помеѓу слоевите. Најпрво подлогата треба добро да се обеспраши (најдобро е да се обеспраши со компресор) и да се премачка со темелен премаз за да се постигне подобар пенетрациски ефект. Како темелен премаз може да се користи РБ 200. Потрошувачката на прајмерот е 0,5 – 0,8 kg/m², а сушивоста е 8 часа.
Потрошувачката на Фугобит Б зависи од големината на фугата.
Заливањето се врши до нивото на бетонот. Исполнетата фуга се запрашува со филер.
**СКЛАДИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ:** Се транспортира во оригинална амбалажа и се складира во покриен простор. За исправен транспорт одговорен е превозникот.

**Системот за квалитет е усогласен со EN ISO 9001.**

Напомена: На барање на купувачите одредени карактеристики на производот може да се променат. Наведените податоци се валидни и се темелат на статистички контроли на квалитетот. За неправилен избор на производот за одредена намена и за неправилно вградување производителот нема одговорност. Производителот одговара за декларираниот квалитет.